Telelink Infra е компанија етаблирана како индустриски лидер и синоним за квалитет и доверба во професионалните услуги во полето на телекомуникации, приватна, индустриска и јавна инфраструктура.
Со седиште во Софија, Бугарија, компанијата Telelink Infra е присутна со локални подружници во Велика Британија, Германија, Северна Македонија и Албанија, потпирајќи се на разновидна експертиза и развиваме таленти во меѓународен тим со повеќе од 500 членови.

Бараме Електро инженер кој сака да работи на сложени проекти со високи технички стандарди. Ако ви е важно работата да ви биде разновидна, секој проект да ви донесе нешто ново и да го видите резултатот од својот труд, ве покануваме да се приклучите во нашиот тим.

Електро инженер – Проектант на јакострујни електрични инсталации

Улога во тимот :

Како дел од нашиот проектантски тим, ќе бидете одговорни за проектирање и подготовка на техничка документација за електроенергетски системи и електрични инсталации, и тоа:

- Изработка на основни и изведбени проекти за јакострујни електрични инсталации;
- Изработка на технички пресметки, технички описи, предмер-пресметки и спецификации на опрема;
- Координација со другите проектантски дисциплини;
- Техничка поддршка на тимовите на терен за време на изведба и учество при технички прием.

Потребни Квалификации :

- Завршено високо образование од областа на електротехниката – насока електроенергетика;
- Важечко овластување за проектирање на електрични инсталации, издадено од Комората на овластени архитекти и овластени инженери;
- Познавање на важечките стандарди, технички прописи и регулатива од областа на електротехниката;
- Познавање и активно користење на AutoCAD;
- Познавање на MS Office пакетот;
- Познавање на англиски јазик.

Предност ќе имаат кандидатите со:

- Искуство на инфраструктурни проекти;
- Познавање на турски/албански јазик;
- Возачка дозвола Б категорија.

Нудиме:

- Стабилно вработување во компанија дел од меѓународна групација;
- Конкурентна плата, усогласена со знаењето и искуството;
- Работа на значајни инфраструктурни проекти;
- Можност за професионален развој, обуки и стекнување на нови лиценци;
- Пријатна работна средина и поддршка од искусен тим.

Заинтересираните кандидати можат да аплицираат најдоцна до 13.12.2026 на следнава e-mail адреса:

katerina.filipovska@telelinkinfra.com

Напомена: Согласно законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат, обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција во рок од 12 месеци.